

Минатиот петок, 31 март, во просториите на Литературното друштво „Григор Прличев“ се одбележа 39- годишницата од формирањето на Друштвото.

На средбата, почесниот претседател **Душан Ристевски**, ја изнесе нацрт програмата за одбележување на 40 годишницата на Друштвото кога во наредната јубилејска година се планираат повеќе активности меѓу кои и ќе се издаде Монографија од Друштвото, Антологија со поезија, Архив на Друштвото како и повеќе книги од членовите на оваа асоцијација која скоро четири децении го негува македонскиот јазик и литература и ја промовира македонската нација во Австралија и пошироко.



На средбата за почесни членови во Друштвото се прогласија познатите писатели од Македонија, **Славе Николовски-Катин** и **Трајче Кацаров**. Тие повеќе децении соработуваат со Друштвото и го промовираат истото.

Исто така на средбата им се доделија наградите од традиционалниот конкурс за Прличеве награда за 2016 година на поетите **Перо Дамчевски-Коцин, Наум Трајчески, Марија Александрова и Гроздан Јовановски**
по што следеше и читање на нивните наградени дела. Посебни награди им се доделија

на:
**Иван Трпоски**
за најдобра книга на годината за книгата „Македонија-не те заборавaме“;
**Кире Трајковски**
за најголем донатор за издавање на македонска литература;
**Орце Марковски**
за најголем читател на книги во Библиотеката;
**Ванчо Салиоски**
за најредовен посетител во Библиотеката „Григор Прличев“.